ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ

Акционерско Друштво за осигурување
ГРАВЕ НЕЖИВОТ СКОПЈЕ
Бр. 0202-2/8
23.01 2020 год.
Скопје

# Д О П О Л Н И Т Е Л Н И  У С Л О В И
# ЗА КОЛЕКТИВНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ ОД ПОСЛЕДИЦИ НА НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ (НЕЗГОДА) СО РИЗИКОТ СМРТ ПОРАДИ БОЛЕСТ

Овие Дополнителни Услови за осигурување ги донесе Управниот одбор на **ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД Скопје** на својата редовна седница одржана на 23.01.2020 г.

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) и овие Дополнителни услови за колективно комбинирано осигурување на пензионери од последици на несреќен случај со ризикот смрт поради болест (во понатамошен текст: Дополнителни услови) се составен дел на договорот за колективно комбинирано осигурување од последици на несреќен случај со вклучување на ризикот смрт поради болест, кој договорувачот го склучил со **ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ НЕЖИВОТ АД СКОПЈЕ** (во понатамошен текст: осигурувач).

Договорувач на осигурувањето можат да бидат сите правни лица.

## СПОСОБНОСТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 2

По овие Дополнителни услови можат да се осигуруваат пензионери без оглед на годините на старост и здравствената состојба и без плаќање на зголемена премија во смисла на член 9 став (3) точка 5 од Општите услови, освен лицата потполно лишени од деловна способност кои во секој случај се исклучени од осигурување.

## НАЧИН НА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 3

Договорот за колективно комбинирано осигурување на пензионери од последици на несреќен случај може да се склучи по список со назначување на името и презимето и годината на раѓањето.

## ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО

### Член 4

Ако во полисата не е поинаку договорено, осигурувањето започнува во 24,00 часот оној ден кој е означен како почеток на осигурувањето и престанува во 24,00 часот оној ден кој во полисата е наведен како ден на истек на осигурувањето.

Ако во полисата е наведен само почетокот на осигурувањето, договорот за колективно комбинирано осигурување се продолжува од година во година се додека една од договорните страни не го откаже во смисла на член 8 од овие Дополнителни услови.

За работниците кои се пензионери по почетокот на осигурувањето означено во полисата, осигурувањето им започнува во 24 часот оној ден кога им престанал работниот однос кај договорувачот на осигурувањето поради одење во пензија, под услов тоа договорувачот да го пријави кај осигурувачот во рок од 15 дена.

Договорот за осигурување престанува за секој осигуреник во 24,00 часот оној ден кога ќе поднесе писмено барање дека не сака да биде осигурен или договорот престанал по друг основ.

## ОСИГУРЕНА СУМА

### Член 5

Осигурената сума означена во полисата е највисокиот износ до кој осигурувачот е во обврска за секој одделен осигуреник.

## ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ

### Член 6

За случај на смрт поради болест осигурувачот е должен да исплати:

50% од осигурената сума, ако осигуреникот умре во текот на првите шест месеци од траењето на осигурувањето односно од неговото пристапување во осигурувањето.

50% од износот за кој е зголемена осигурената сума кога се врши зголемување на осигурената сума, а смртта на осигуреникот настапила во текот на првите шест месеци од извршеното

зголемување на осигурената и договорената осигурена сума пред да се изврши зголемување на осигурената сума.

Целата осигурена сума ако осигуреникот умре по шест месеци од почетокот на осигурувањето, односно од неговото пристапување во осигурувањето.

Целата осигурена сума за случај на смрт:

ако осигуреничката почине во текот на првите шест месеци од траењето на осигурувањето за време на бременост или породување.

ако осигуреникот пред тоа имал колективно комбинирано осигурување, каренцата од шест месеци изминала во целост.

ако се врши измена на осигурената сума со издавање на нова полиса, а каренцата од шест месеци изминала во целост.

Осигурувачот нема никаква обврска за случај на смрт:

ако осигуреникот во првата година од траењето на осигурувањето, односно од неговиот пристап во осигурување, извршил самоубиство.

ако смртта на осигуреникот настапи поради извршување на смртна казна.

ако смртта на осигуреникот настапи поради земјотрес.

ако смртта на осигуреникот настапи поради настан кој директно се пропишува на војна, инвазија, чин на надворешниот непријател, воени дивеења или воени операции (без оглед дали е објавена војната или не), граѓанската војна, востание, буна или револуција.

Обврската на осигурувачот по основ на осигурување од последици на несреќен случај се регулира со одредбите на членовите 5,8,9 и 10 од Општите услови.

## НАЧИН И РОКОВИ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА

**Член 7**

Пресметување на премијата се врши, во рокот означен во полисата за осигурување според фактичкиот број на осигурениците.

Премијата се плаќа однапред за времето утврдено во полисата, доколку поинаку не е договорено.

Постои обврска на осигурувачот спрема осигурувањето и во случај кога договорувачот не ја платил премијата во рокот означен во полисата, ако осигурениот случај настанал за времетраење на осигурувањето во смисла на членовите 6 и 19 од Општите услови.

Конечна пресметка на премијата се врши на крајот на траењето на годината на осигурување. За пензионерите кои пристапуваат во текот на траењето на осигурувањето се плаќаат онолку дванаесеттини од годишната премија колку што месеци е на сила нивното осигурување од истекот на годината на осигурување.

Договорувачот е должен на осигурувачот да му ја стави на увид евиденцијата и документацијата од која може да се утврди бројната состојба на пензионерите, како и висината на пресметаната и уплатената премија.

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 8**

Секоја договорна страна, доколку договорот не престанал од некои други причини, може да го раскине договорот за колективно комбинирано осигурување на пензионери со неодредено траење.

Раскинувањето на договорот се врши по писмен пат најмалку три месеци пред истекот на тековната година на осигурувањето.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 9**

Овие Дополнителни услови важат со Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај, а доколку се во спротивност со содржината на Општите услови, важат овие Дополнителни услови.

**Член 10**

Постапка по приговори

Во случај осигурителот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од осум дена од приемот на писменото известување од осигурителот до Второстепената комисија за решавање штети по приговор, што е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

Постапка по жалба

Договарачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија во осигурување како надлежен орган за супервизија на друштвата за осигурување.

Решавање спорови

Евентуалните спорови што би произлегле од договорот за осигурување договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку не дојде до спогодба, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР**

**Марко Микиќ**